May 2018

# Политика за приватност на Виасат Ворлд

Добре дојдовте во нашата Политика за приватност! Како Виасат Ворлд Лимитед („Виасат“ или „ние“ или „нас“ или „наш“), ние сме посветени да ја заштитуваме и да ја почитуваме Вашата приватност.

ОПШТО

Оваа политика се однесува на користењето на оваа интернет-страница (без оглед од каде пристапувате).

Оваа политика го одредува начинот на кој ќе бидат процесирани од наша страна сите лични податоци што ги собираме од Вас, или што ни ги доставувате Вие. Исто така Ви укажува каде ги чуваме Вашите лични податоци и правата што ги имате во однос на нив. Ве молиме внимателно да го прочитате следниов текст за да ги разберете нашите погледи и практики во однос на Вашите лични податоци и за тоа како ги третираме.

Оваа интернет-страница не е наменета за деца и ние не собираме податоци кои се однесуваат на деца.

КОНТАКТИРАЈТЕ НЀ

Ако имате некакво прашање за оваа политика, за Вашата сметка, или ако Ви треба помош за што било, Ве молиме да нѐ контактирате преку е-мејл на legal@viasatworld.com. Ве молиме да имате предвид дека ако нѐ контактирате, за Ваша и наша безбедност, можеби ќе треба да го потврдиме Вашиот идентитет пред да одговориме на Вашето барање.

Виасат Ворлд Лимитед е контролор на Вашите лични податоци за потребите на Правилото (ЕУ) 2016/679 (Правило за заштита на општи податоци) (**„ГДПР“**). Можете да нѐ најдете на Chiswick Green, 610 Chiswick High Road, London W4 5RU, United Kingdom.

Имате право да вложите жалба во секое време до Канцеларијата на Комесарот за информации (**„ICO“**), овластен супервизор во Обединетото Кралство за проблеми со заштита на податоци (www.ico.org.uk). Ние, во секој случај, ќе ја цениме шансата да се справиме со Вашите грижи пред да му пристапите на ICO, па затоа Ве молиме прво да нѐ контактирате нас.

## СОБИРАЊЕ НА ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ

Можеби ќе ги собираме и ќе ги процесираме следниве податоци за Вас:

a) **Податоците што Вие ќе ни ги давате**:

- Може да ни дадете податоци преку користење на оваа интернет-страница со пополнување формулари или со преписка преку пошта, телефон, е-мејл или друго. Ова ги вклучува сите податоци кои може да ги дадете преку оваа интернет-страница кога ќе се пријавите на нашиот весник или публикација, ќе земете учество во натпреварување, промоција или истражување, ќе барате да Ви се прати рекламен материјал или ќе имате интеракција со оваа интернет-страница на кој било друг начин („Активности“). Ако нè контактирате, ние ќе ја чуваме таа кореспонденција. Податоците што ќе ни ги дадете може да вклучуваат Ваше име, адреса, поштенски код и е-мејл адреса.

- Исто така, може да собираме и да чуваме податоци за маркетинг и комуникација кои ги вклучуваат Вашите склоности во однос на добивање рекламни материјали од нас и од трети страни, како и Вашите склоности во однос на комуникацијата.

- Кога треба да ги собираме личните податоци според закон, или според условите на кој било договор што го имаме со Вас, а Вие не успеете да ги дадете податоците кога ќе Ви бидат побарани, ние нема да можеме да исполниме ниту еден договор што го имаме или што се обидуваме да го склучиме со Вас.

b) **Податоци што ги собираме автоматски**:

Ние можеби автоматски ќе собираме технички податоци кога имате интеракција со нашата интернет-страница. Тоа може да ги вклучува адресата за интернет-протокол (ИП), идентитетот на интернет-провајдерот, видот на уредот за пребарување, типот на пребарувачот и неговата верзија, пребарувачките акции и обрасци, временската зона и локација.

Ако ѝ пристапувате на оваа интернет-страница од мобилен уред, можеби автоматски ќе собираме технички податоци во однос на видот на уредот што го користите, единствениот идентификатор на уредот (на пример, IMEI/MEID/ESN бројот на Вашиот уред, MAC-адресата на безжичниот мрежен интерфејс на уредот, или телефонскиот број користен од уредот), серискиот број на СИМ-картичката и на андроид ИД за единствен ИД на уредот преку УУИД, мобилни мрежни податоци, оперативниот систем на Вашиот мобилен,

типот на мобилниот пребарувач што го користите, корисничкиот јазик, моделот на мобилниот уред, ОС верзијата и ИПв4 (податоци на уредот).

c) **Податоци што ги одбиваме од други извори (податоци од трети страни):**

Ние имаме блиска соработка со трети страни („Провајдери на сервис“) за да ги вклучиме (но не сме лимитирани) како сервис за техничка поддршка. Ние ќе добиваме податоци за Вас од нив за цели да продолжиме да ја подобруваме оваа интернет-страница и Вашето искуство единствено во рамките на „Активности“.

## КОЛАЧИЊА

Ние користиме колачиња за да Ве разликуваме од другите корисници на интернет-страницата. Тие вклучуваат „Гугл аналитикс“, локал, геопозиционирање и „ЏсешнИД“. Ова ни помага да добиете добро искуство за „Активности“ или исто така ни помага да ја подобриме интернет-страницата и нејзините карактеристики.

Вие можете да ги блокирате колачињата преку активирање на поставките на Вашиот пребарувач кој ви дозволува да ги одбиете поставките за некои или за сите колачиња. Сепак, ако ги наместите поставките на Вашиот пребарувач да ги блокира сите колачиња, можеби нема да бидете во можност да пристапите до сите делови од нашата интернет-страница.

## КОРИСТЕЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

Ние ги користиме Вашите податоци на следниве начини:

- да ја одредиме Вашата географска локација, да го одредиме Вашиот провајдер на интернет-сервис, како и да можеме брзо и ефикасно да одговориме на сите прашања и барања;

- да спречиме, да откриеме и да истражиме потенцијално забранети или илегални активности, вклучувајќи измама, и да ги засилиме нашите услови; и

- да ја анализираме и да ја разбереме публиката на нашата интернет-страница, да ја подобриме нашата интернет-страница и Вашето искуство во рамките на можните „Активности“.

Ние ќе ги користиме Вашите лични податоци само кога законот ни го дозволува тоа. Вашите лични податоци ќе ги користиме во следниве случаи:

- кога ќе треба да подготвиме некаков договор што ќе го склучиме или веќе сме го склучиле со Вас;

- кога е тоа неопходно за нашите легитимни интереси во случаите кога: (а) им даваме нови информации на нашите претплатници за моментните случувања во врска со Виасат; или (б) кога го подобруваме корисничкото искуство на интернет-страницата и нејзините карактеристики; и

- кога треба да ги исполниме правните или регулаторните обврски

## ОБЈАВУВАЊЕ НА ВАШИТЕ ПОДАТОЦИ

Податоците што ги собираме од Вас ќе бидат достапни за:

- **Нашите сервис-провајдери**: ќе си споделиме Вашите податоци со нашите сервис-провајдери со цел да продолжиме да ја подобруваме интернет-страницата и Вашето искуство во врска со „Активности“.

- **Други трети страни**: ќе ги споделиме Вашите податоци со други трети страни:

  - во случај да продаваме или да купуваме некаков бизнис или имот, тогаш Вашите лични податоци ќе му ги доставиме на идниот продавач или купувач на соодветниот бизнис или имот;

  - доколку Виасат или сиот наш имот е преземен од трета страна, тогаш личните податоци што ги чуваме за нашите корисници ќе бидат дел од соодветниот трансфер;

  - доколку сме под обврска да ги објавиме и да ги споделиме Вашите лични податоци со цел да исполниме некоја правна или регулаторна обврска или барање; или

  - да ги заштитиме правата, имотот и безбедноста на нашите корисници, или други. Ова вклучува размена на податоци со други компании и

организации со цел за заштита од измами и за намалување на кредитен ризик.

## КАДЕ ГИ ЧУВАМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Податоците што ги собираме од Вас може да бидат пренесени и чувани на дестинација надвор од Европскиот економски простор („ЕЕА“). Исто така, можат да бидат процесирани од вработени кои функционираат надвор од ЕЕА, а кои работат за нас или за некој од нашите сервис-провајдери. Тие вработени можат да бидат ангажирани за пополнување на Вашите барања, за процесирања на Вашите детали и за доставување услуги кои се однесуваат на интернет-страницата и на „Активности“. Со доставување на Вашите лични податоци, Вие се согласувате за овој трансфер, за чување или за процесирање. Ние ќе ги преземеме сите неопходни чекори за да се осигуриме дека Вашите податоци се третирани на безбеден начин и во согласност со оваа Политика за приватност.

Кога Ви имаме дадено (или кога имате избрано) лозинка која Ви овозможува да пристапите до секој дел од интернет-страницата, Вие сте одговорни за чување на тајноста на лозинката. Ние бараме од Вас да не ја споделувате лозинката со никого.

За жал, преносот на податоци преку интернет не е сосема безбеден. Иако ќе направиме сè што можеме за да ги заштитиме Вашите лични податоци, ние не можеме да ја гарантираме безбедноста на Вашите податоци пренесени на нашите сервери; секој пренос е на Ваш сопствен ризик. Откако ќе ги добиеме Вашите податоци, ќе користиме стриктни процедури и безбедносни карактеристики кои вклучуваат Хипер текст трансфер протокол секјур (подложен на промени одвреме-навреме) за да се обидеме да спречиме неавторизиран пристап.

Вашите лични податоци ќе ги зачуваме во временски рамки колку што е тоа неопходно за нас и за третата страна со цел да можете Вие да ја користите интернет-страницата и да вршите „Активности“. За да го одредиме соодветниот период на чување, може да ги земеме предвид количината, природата и чувствителноста на личните податоци, целите за кои ги обработуваме и периодот што е потребен да ги чуваме Вашите лични податоци со цел да ги почитуваме нашите правни обврски (односно со цел да се справуваме со жалбите и прашањата).

## ВАШИТЕ ПРАВА

Вие имате право:

- **да барате пристап** до Вашите лични податоци – ова Ви овозможува да добиете копија на личните податоци што ние ги чуваме за Вас, како и да проверите дека ги процесираме согласно со законот;

- **да барате исправки** на личните податоци што ние ги чуваме за Вас – ова Ви овозможува да ги поправите некомплетните и неточните податоци што ги чуваме за Вас, а ние можеме да бараме да ја потврдите точноста на новите податоци што ни ги доставувате;

- **да барате бришење** на Вашите лични податоци – ова Ви овозможува да побарате од нас да ги избришеме или да ги отстраниме личните податоци кога за нас нема добра причина да продолжиме да ги процесираме; исто така, Вие имате право да побарате од нас да ги избришеме или да ги отстраниме Вашите лични податоци кога Вие успешно сте го исполниле Вашето право да се жалите на процесирањето (видете подолу), кога можеби ние сме ги процесирале Вашите информации надвор од законот или кога од нас е побарано да ги избришеме Вашите лични податоци за да го почитуваме локалниот закон (внимавајте, сепак, дека ние нема да бидеме секогаш во можност да го спроведеме Вашето барање за бришење поради специфични правни причини кои ќе Ви бидат предочени, ако се спроведливи, за време на Вашето барање);

- **на несогласување за процесирање** на Вашите лични податоци кога ние се потпираме на легитимен интерес и кога има нешто со Вашата посебна ситуација поради која Вие сакате да се пожалите за процесирањето бидејќи сметате дека тоа влијае на Вашите основни права и слободи; исто така, имате право да приговарате кога ги процесираме Вашите лични податоци за директни маркетиншки цели без Ваша согласност; во некои случаи ние може да докажеме дека имаме легитимна основа да ја процесираме Вашата информација која ги надминува Вашите права и слободи;

- **да барате рестрикција** при процесирање на Вашите лични податоци – ова Ви овозможува да барате од нас да го запреме процесирањето на Вашите лични податоци во следниве сценарија: (а) ако барате од нас да воспоставиме точност на податоците; (б) кога употребата на податоците од наша страна е неправедна, но Вие не сакате да ги избришеме; (ц) кога барате од нас да ги чуваме податоците дури и кога повеќе не ни требаат, а со цел да воспоставите, да практикувате или да браните легални побарувања; или (д) кога вложувате приговор до нас за нашата употреба на

Вашите податоци, но ние треба да провериме дали ги надминуваме легитимните основи за нивно користење;

- **да барате пренос** на Вашите лични податоци до Вас или до трета страна – ние ќе ги доставиме до Вас, или на третата страна што сте ја избрале, Вашите лични податоци на формат кој е структуриран, често користен, може да се чита на машина (внимавајте, ова право единствено се однесува на автоматската информација за која на почетокот сте ни дале согласност да ја користиме или кога ја користиме информацијата за да спроведеме некаков договор со Вас); и

- **да ја повлечете согласноста** во кое било време кога ние се потпираме на согласноста за да ги процесираме Вашите лични податоци – сепак, ова нема да влијае на законитоста за кое било процесирање што се одвивало пред да ја повлечете Вашата согласност; ако ја повлечете Вашата согласност, можеби нема да бидеме во можност да Ви дадеме одредени производи или услуги; ние ќе Ве советуваме доколку случајот е таков во времето кога ја повлекувате Вашата согласност.

Доколку сакате да спроведете некое од овие права, тогаш Ве молиме да нè контактирате на legal@viasatworld.com. Можеби ќе треба да побараме специфични податоци од Вас со цел да ни помогнат да го потврдиме Вашиот идентитет и да се осигуриме дека имате право за пристап до податоците (или да спроведете некое од Вашите други права). Ова е за да се осигуриме дека Вашите лични податоци нема да бидат предадени на некое лице кое нема право да ги добие.

## ПРОМЕНИ ВО ПОЛИТИКАТА ЗА ПРИВАТНОСТ

Одвреме-навреме можеби ќе мораме да ја менуваме оваа Политика за приватност на нашата дискреција. Најновата верзија на оваа Политика за приватност ги заменува сите претходни верзии. Вашата континуирана употреба на оваа интернет-страница и следењето на забелешките ќе се смета како имплицитна согласност за сите промени. Ако не се согласувате со некоја од промените, мора да престанете да ја користите оваа интернет-страница и да ја прекинете сета комуникација со праќање на е-мејл на marketing@viasatworld.com.

## КОНТАКТ

Прашањата, коментарите и побарувањата во однос на оваа Политика за приватност се добредојдени и треба да бидат адресирани до Viasat World Limited, Chiswick

Green, 610 Chiswick High Road, London W4 5RU, United Kingdom, или со праќање е-мејл до legal@viasatworld.com.